РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМС УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-18
08.08.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До:

**Предмет: Одговор на Претставка**

Почитуван/а,

Во врска со Вашата Претставка за ТРД КОБРА ДОО Радовиш (наш број УПП 03-18 од 31.07.2025 година), Ве известуваме за следното:

- Агенцијата направи увид во програмата на ТВ Кобра емитувана на 1 и 2 август 2025 година, и не најде индиции дека радиодифузерот не ги почитува програмските услови од дозволата за ТВ емитување.
- Според програмскиот концепт од дозволата, оваа телевизија има обврска да емитува програмски сервис со претежно забавен општ формат, што значи дека треба да емитува содржини што ги исполнуваат сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна), при што со повеќе од 50%, а со помалку од 65% во текот на седмицата, треба да бидат застапени содржините со забавна функција.
- Имајќи предвид дека сите медиуми работат со изменети летни програмски шеми, увидот покажа дека телевизијата емитува жанровски разновидна програма и дека доминираат програмите што исполнуваат забавна функција, што е во согласност со нејзиниот програмски концепт.
- Надзорот за исполнувањето на кадровските услови се уште трае. Од медиумот е побарано да ја достави релевантната документација. Штом ќе биде готов извештајот ќе може да го видите на нашата веб страница – www.avmu.mk.
- Агенцијата ќе ја извести ТВ Кобра за Претставката и ќе ја потсети на законските обврски.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**По овластување на директорот,**

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38
1000 Скопје**